Согласно член 371и 374 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, а со цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Македонија, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на својата 7 ( седма) седница одржана на 10 Февруари 2016 година, донесе:

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА РСБСП ЗА 2016 ГОДИНА

**Вовед:**

Програмата за работа на РСБСП за 2016 година е изготвена врз основа на законските надлежности од ЗБСП а согласно член 370,371,372,373 и 374 и во согласност со целите и задачите предвидени со Втората националната стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата ( 2015 - 2020 ) и истата е во функција на реализација на нејзините краткоточни и долгорочни цели, нејзината визија и нејзината мисија.

Програмата за работа на РСБСП за 2016 година предвидува реализација на голем број проекти и активности насочени кон промоција, афирмација и имплементација на Втората национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015-2020 година, активности од едукативно - образовен карактер, научно – истражувачки активности, организација на едукативни трибини, предавања и тркалезни маси, продукција и емитување на видео материјали за сообраќајот и нивно емитување на социјалните мрежи како и на најмалку една национална телевизија во 2016 година, организирање на стручни советувања, семинари, работилници, обуки, и други активности за подигање на јавната свест за правилно и одговорно однесување во сообраќајот, активности за продолжување и засилување на успешната соработка со останатите партнери и институции кои имаат за цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, итн.

Активности кои ќе бидат реализирани во 2016 година се поделени во повеќе главни групи и тоа:

- Активности кои ќе се реализираат со подршка на Комисијата за образование;
- Активности кои ќе се реализираат со подршка на Комисијата за маркетинг;
- Активности кои ќе се реализираат со подршка на Комисија за соработка со ОСБСП и НВО;
- Активности кои ќе се реализираат во согласност со препораките на Комисијата за следење на имплементација на Втората национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата(2015 – 2020);
- Активности кои ќе се реализираат со подршка на Комисија за меѓународна соработка и имплементација на научните достигнувања;
- Тековни- оперативни активности;

Сите овие активности ќе се реализираат во согласност и со подршка од Комисијата за финансирање на активностите и распределба на финансиските средства, како и во соработка и со подршка од надлежните институции и организации и останатите партнери.

Преглед на предвидени активности за 2016 година:
* Поважните активност се болдирани

| **Реден број** | **Основ** | **Активност** | **Цел и опис на активност** | **Реализација** | **Период** | **Очекувани резултати од активноста** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Во согласност со ЗБПС и остварувањето на целите од НС | **Организирање и одржување на седниците на РСБСП** | Реализација на програмските активности на РСБСП | Оперативно разгледување и имплементација на тековните задачи на РСБСП во насока на реализирање на Програмата за работа за 2016 година ,како и разгледување на конкретни иницијативи, предлози и прашања во врска со постигнување на целите од Втората национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата (2015 – 2020) | Во зависност од потребите за реализација на утврдените активности предвидени со Програмата за работа на РСБСП за цела година | Ефикасно реализирање на програмските активности на РСБСП и координиран и организиран пристап во имплементацијата на Втората националната стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата (2015 – 2020) |
| **1.1** | Во согласност со целите на НС | **Организирање и реализирање на седниците на Комисите при РСБСП** | Реализација на програмските активности на РСБСП преку организација и покренување на иницијативи за реализација на Програмата за работа на РСБСП од Комисиите до РСБСП | Успешно реализирање на програмските активности на РСБСП и Комисиите, како и разгледување на тековните предлози и мерки за остварување на целите на РСБСП | Во зависност од потребите за реализација на утврдените активности а најмалку еднаш месечно | Ефикасно реализирање на Програмата за работа на РСБСП и Комисиите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | Согласно член 375 од ЗБСП и согласно одлуката на ВРМ за следење на националанта стратегија | Учество на претставници на РСБСП во работата на **Координативното тело на Владата на Република Македонија за спроведување на Втората национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015 - 2020** | Имплементацијата на Втората национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015- 2020 преку подобра координација и зголемување на активностите на сите органи, институции и организации надлежни за нејзина имплементација | **Изготвување на квартални извештаи за реализираните активности на РСБСП** и Засилување на активностите за имплементација на Втората национална стратегија како и подобрување на нивна усогласеност со активностите на останатите надлежни институции | Во текот на 2016 | Зголемување на усогласеноста на надлежните институции во областа на безбедноста на сообраќајот и реализирање на активностите за импементација на Втората национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015 – 2020 |
| **3.** | Во врска со точка 2.8.3 од НС | **Активности на РСБСП за спроведување на истражувачки проект за идентификација на најчестите грешки кои ги прават возачите** | Идентификација и таргетирање на најчестите грешки кои што ги прават возачите со цел изработка на база на податоци за водење на ефективни кампањи со јасно дефинирани цели и задачи | Организирање и спроведување на анкета со релевантен примерок на анкетирани лица, спроведување на опсервација за детектирање на најчестите грешки, прибирање на податоци од МВР и анализа на податоци | Во текот на 2016 | Добивање на јасни и прецизни податоци со кои што РСБСП ќе се служи во организирањето и спроведувањето на кампањи и активности со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | Во врска со точка 2 од НС | Подвижна опсерваторија на РСБСП | Обезбедување на мобилна лабараторија - возила преку соработка со НВО и странски амбасади со цел континуирано следење на сообраќајот на патиштата на РМ и утврдување на најчестите грешки и сообраќајни решенија како и спроведување на предлози и кампањи со цел подобрување на безбендоста на сообраќајот на патиштата | **Редовно опсервирање на патиштата на Република Македонија и детектирање на најчестите грешки, лоши сообраќајни решенија и несоодветна хоризонтална и вертикална сигнализација низ цела Македонија.** | Во текот на 2016 | Со обезбедување на соодветни возила ќе се врши редовно детектирање и анализа на сообраќајните решенија со цел таргетирање на опасните места и нивно отстранување а со тоа и намалување на бројот на сообраќајни незгоди во Република Македонија |
| **5.** | Во врска со точка 2.11.1 и 2.8.2; од НС | **Организирање на тркалезна маса на тема: " Унапредуњето на сообраќајната инфраструктура – фактор за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата"** | Зголемување на безбедност на сообраќајот на патиштата во Република Македонија преку изградба и квалитетното одржување на патната инфраструктура | Организирање на тркалезна маса во соработка со Координативното тело на Владата на РМ, МВР, ЈП ДП градежен факултет, друштво за патишта и повеќе познати и признати експерти од оваа област | Јануари 2016 | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку унапредување на системот на управување со патиштата и сообраќајната сигнализација, нивно соодветно одржување и изградба на нова патна и сообраќајна инфраструктура |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **6.** | **Во врска со точка 2.5.1 од НС** | **Истражувачки проект за потребата од надоградување и воведување на сообраќајното образование во редовниот образовен процес** | Истражувачки проект за потребата од надоградување на сообраќајното образование<br>Преку анализа на моменталната застапеност на сообраќајното образование да се утврди потребата за негово подобрување и дополнување во рамките на редовниот образовен систем | - Компаративна анализа на застапеноста на сообраќајното образование во европските земји и анализа на бројот на сообраќајни жртви<br>- Анализа на моменталните состојби со застапеноста на сообраќајното образование во образовниот систем и капацитети за негова реализација<br>-Спроведување на анкета за утврдување на јавното мислење за потребата од засилување на сообраќајното образование | Во текот на 2016 | Намалување на бројот на загинати и повредени деца во сообраќајни несреќи преку подобрување на нивните познавања од областа на сообраќајот како и долгорочно и трајно подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата |
| **6.1** | **Во врска со точка 2.5.1 од НС** | **Тркалезна маса на тема “Потребата од засилување на сообраќајното образование- начини и можности”** | Организација на тркалезна маса за утврдување на мислењата и ставовите на научната и стручната јавност, на надлежните институции и останатите релевантни субјекти во однос на прашањето за засилување на сообраќајното образование во рамките на образовниот систем | Организација на тркалезна маса со учество на истакнати експерти, научни работници, како и претставници од повеќе надлежни институции на тема “Потребата од засилување на сообраќајното образование- начини и можности” | Март – Април 2016 | Утврдување на реалните потреби , начини и можности за засилување на сообраќајното образование преку анализа, дискусија, и спротиставување на факти и аргументи од сите засегнати субјекти |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **7.** | **Во врска со точка 2.1, 2.3 и 2.4 од НС** | **Организација на сообраќајно едукативни трибини под мотото„ Животот е во твои раце – вози одговорно“ во повеќе градови во Република Македонија** | Организација на сообраќајно едукативни трибини за информирање, едукација и подигање на јавната свест кај младите за нивно одговорно учество во сообраќајот | Организација на сообраќајно едукативни трибини во повеќе градови во Република Македонија во соработка со ОСБСП, МВР, МЗ и единиците на локалната сампуправа за намалување на сообраќајните незгоди и последиците од нив | Февруари-Мај 2016 година | Засилување на сообраќајно превентивното дејствување на локално ниво и подобрување на безбедноста на младите во сообраќајот |
| **7.1** | **Во врска со точка 2.1, 2.3 и 2.4 од НС** | **Организација на сообраќајно едукативна трибина „ Жените и нивната безбедност во сообраќајот“’** | Организација на сообраќајно едукативна трибина за информирање и едукацирање на жените - возачи за проблемите со кои се соочуваат во сообраќајот | РСБСП во соработка со Град Скопје, МВР и НВО | Март 2016 | Поголема сообраќајна едукација на жените како учесници во сообраќајот |
| **8.** | Во врска со точка 2.7 од НС | **Организирање на тркалезна маса на тема: " Ефикасен здравствен систем за намалување на последиците од сообраќајните незгоди“** | Организација на тркалезна маса за утврдување на мерки и инструменти за зголемување на ефикасноста на здравствениот систем и унапредување на „post crush“ системот за брза и ефикасна интервенција после случена сообраќајна незгода | Организирање на тркалезна маса во соработка со Министерството за здравство, МВР, СЗО, и повеќе познати и признати експерти од оваа област | Февруари – Март 2016 | Намалување на последиците од сообраќајните незгоди преку поголема ефикасност на здравствениот систем |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **9** | Во врска со точка 2.11.1 и 2.8. од НС | **Тркалезна маса " Мерки и инструменти на локалната самоуправа за побезбеден сообраќај"** | Иницијативи за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата преку засилен ангажман на локалната самоуправа | **Организирање на тркалезна маса со претставници на локалната самоуправа, МЛС, ЗЕЛС, ОСБСП, МВР и др** | Март – Април 2016 | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на локално ниво |
| **10.** | Во врска со точка 2.5 и 2.9 од НС | **Детски Семафор**<br><br>**Сообраќајно-техничка култура на младите** | Подобрување на безбедноста на сообраќајот преку едукација и запознавање на децата и младите со основните правила во сообраќајот на начин прифатлив за нив | Формирање на работна група за изработка на предлог програма за формата на одржување на манифестациите Активности на РСБСП во соработка со МОН преку Комисијата за образование во **организација на сообраќајни манифестаци и активности од образовно -едукативен карактер** поврзани со учениците од основните и средните училишта | Март, Април и Мај 2016 | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку образовно-едукативни активности со посебен ацент на подобрување на безбедноста на децата-учениците како учесници во сообраќајот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **11.** | Во согласност со точка 1.5.10 на НС | **Реализација на кампања за штетните последици од употребата на мобилни телефони при управувањето со моторно возило** | Зголемување на јавната свест за штетните последици кои што можат да настапат од употребата на мобилни телефони при управувањето со моторно возило | Организирање на трибини, советувања, едукативни материјали, радио и видео материјали за зголемување на свеста за штетното влијание на мобилните телефони при управувањето со моторно возило | Март - Април 2016 година | Намалување на користењето на мобилни телефони при управувањето со моторно возило, како и намалувањето на сообраќајните незгоди предизвикани од употреба на мобилни телефони |
| **12.** | Во согласност со точка 2.4 на НС | **Организација и реализација на активности за зголемена употреба на системи за пасивна безбедност** | Следење на нивото и тенденцијата на употреба на системи за пасивна безбедност (сигурносни појаси и кациги ) и утврдување на мерки за континуирано дејствување во насока на нивна зголемена употреба | Реализација на научно истражување по метод на набљудување и спроведување на мерки за зголемена употреба на системи за пасивна безбедност | Континуирано во текот на 2015 | Намалување на бројот на загинати и повредени во сообраќајни несреки ( ПОСЕБНО ВО НАСЕЛЕНИ МЕСТА) преку зголемена употреба на системи за пасивна безбедност – сигурносни појаси и кациги |
| **13.** | Во врска со точка 2.10.5 | **Тркалезна маса под наслов "Измами во сообраќајните незгоди"** | Утврдување на начините на симулирање на сообраќајни незгоди како и нивното препознавање и спречување | Организирање на тркалезна маса заедно со осигурителните компании за размена на искуства од досегашната пракса со измамите во сообраќајните незгоди | Јуни – Јули 2016 | Детектирање и превенција на измамите во сообраќајните незгоди |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **14.** | Во согласност со точка 1.5.2 и 2.5 од НС | Реализација на **кампања за унапредување на безбедноста на пешаците во сообраќајот** во соработка со МВР, МОН, ЗЕЛС и останати партнери | Подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество на пешаците во сообраќајот и подигање на јавната свест за почитување на пешаците како учесници во сообраќајот | Организирање и реализација на кампања за подобрување на безбедноста на пешаците во сообраќајот | Континуирано во текот на 2015 | Намалување на бројот на сообраќајни несреки во кои учесници се пешаците а со тоа и намалување на бројот на загинати и повредени пешаци во сообраќајни несреќи |
| **15.** | Во согласност со точка 1.5.2 и 2.5 на НС | Реализација на **кампања за унапредување на безбедноста на велосипедистите во сообраќајот** во соработка со МВР, МОН, ЗЕЛС и останати партнери | Подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество на велсипедистите во сообраќајот и подигање на јавната свест за почитување на велосипедистите како рамноправни учесници во сообраќајот<br><br>Јавен конурс за креативни решенија за велосипедски паркинзи, изработка и нивно донирање | Организирање и реализација на кампања за подобрување на безбедноста на велосипедистите во сообраќајот | Континуирано во текот на 2016 | Намалување на бројот на сообраќајни несреки во кои учесници се велосипедисти а со тоа и намалување на бројот на загинати и повредени велосипедисти во сообраќајни несреќи. Зголемување на употребата на велосипед како превозно средство |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **16.** | Во согласност со точка 2.3на НС | **Организација и реализација на кампања "Стоп за лековите во сообраќајот"** | Подигање на јавната свест за штетните последици од користењето на лекови при управување со моторно возило | Организирање и реализација на кампања за намалување на бројот на возачи кои користат лекови додека управуваат со моторно возило | Континуирано во текот на 2016 | Намалување на бројот на сообраќајни несреки предизвикани од употребата на лекови |
| | | **Истражувачки проект за влијанието на лековите врз безбедноста на сообраќајот** | | Утврдување на влијанието на лековите врз бројот на сообраќајни незгоди во Република Македонија | | |
| **17.** | Во согласност со целите на НС | **Организација на активности за поголема безбедност на мотоциклистите во сообраќајот** | **Едукативни трибини под мотото : Безбедно учество на мотоциклистите во сообраќајот** | Релизирање на трибина во рамките на кампањата за мотоциклисти, во организација на ОСБСП во повеќе градови на Р. Македонија. | Во текот на 2016 | Зголемување на безбедноста на мотоциклистите во сообраќајот Намалување на бројот на сообраќајни несреќи со мотоцикли |
| | | | Организација на дефилеа за подигање на јавната свест за почитување на мотоциклистите како рамноправни учесници во сообраќајот | Подигање на јавната свест кај учесниците во сообраќајот за почитување на мотоциклистите како рамноправни учесници во сообраќајот | | |
| | | | Активност за подигање на јавна свест кај мотоциклистите за нивно одговорно учество во сообраќајот и зголемена употреба на опрема за пасивна безбедност | Подигање на свеста за правилно и одговорно учество на мотоциклисите во сообраќајот во рамките на кампањата за мотоциклисти | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **18.** | Во согласност со точка 1.5.5. на НС | Безбедно учество на младите во сообраќајот | **Организација и реализација на кампања посветена на младите во сообраќајот** | Организирање на едукативни работилници, трибини, посета на ноќни клубови и припрема на едукативен материјал прилагоден за млади со цел зголемување на нивната свест за одговорно учество во сообраќајот | Континуирано во текот на 2016 | Подигање на јавната свест преку реализирање на голем број на активности за правилно и одговорно учество на младите во сообраќајот Намалување на бројот на сообраќајни несреки во кои учесници се младите. Намалување на сообраќајните несреки во периодот на одржување на матурските вечери Зголемување на познавањата на младите возачи за предизвиците од ноќното возење а со тоа и намалување на сообраќајните несреќи во ноќните часови во кои се учесници млади лица |
| | | | Организирање и спроведување на **кампања за безбедно однесување во сообраќајот за време на матурските вечери,** Во соработка со МОН,МВР и ЗЕЛС . | Организирање и спроведување на кампања наменета за средношколците - матуранти Подобрување на безбедноста на сообраќајот преку подигнување на свеста за некористење на автомобил во текот на матурските вечери. | | |
| | | | Организација на едукативни трибини, предавања, обуки и работилници за правилно и одговорно учество во сообраќајот на патиштата | Организација на голем број сообраќајно едукативни трибини, предавања и работни средби за едукација на учесниците во сообраќајот и подигање на јавната свест | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Едукативна работилница "**Ноќното возење - предизвик за младите возачи**" | Организирање на работилница во рамките на кампањата посветена на младите, со стручни лица и млади возачи со цел преку заедничка работа да ги сватат предзивиците кои што ги носи ноќното возење за несикусните млади возачи | | |
| **18.1** | Во согласност со точка 1.5.7 и 2.3. на НС | Трибина „Влијанието на алкохолот врз безбедноста во сообраќајот“ | Едукативна трибина во рамките на кампањата за млади со цел подигнување на нивната свест за штетните последици од возењето под дејство на алкохол. | Релизирање на трибина за штетните последици од возењето под дејство на алкохол под наслов "Влијанието на алкхолот врз безбедноста на сообраќајот" | Во текот на 2016 | Намалување на бројот на млади лица кои што управуваат моторно возило под дејство на алкохол |
| **19** | Во врска со точка 2.4.1 од НС | Активности за едукација на професионалните возачи и таксистите | Едукација и информирање на професионалните возачи за нивно правилно и одговорно однесување во сообраќајот | **Едуцирање на такси возачите и останатите професионални возачи за нивно правилно и одговорно учество во сообраќајот** | Во текот на 2016 | Зголемување на безбедноста на учесниците во сообраќајот преку едукација на професионалните возачи |
| **19.1** | | | Анализа и покренување на иницијатива за утврдување на минимално возачко искуство за добивање на лиценца за такси превозник | Формирање на работна група која ќе ја анализира моменталнта ситуација и врз основа на неа ќе ја разгледа потребата од утврдување на минимално годишно возачко искуство за добивање на лиценца за такси превозни | Во текот на 2016 | Зголемување на безбедноста на учесниците во сообраќајот преку донесување на минимум стандарди на такси возачите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **20.** | Во согласност со целите на НС и точка 1.5.1 и 1.5.2. | Активности на РСБСП во **унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата на тема: “Децата и нивната безбедност во сообраќајот”** | Подобрување на безбедност на децата во сообраќајот преку зголемена сообраќајна едукација на децата и подигање на свеста кај останати учесници во сообраќајот за внимателно и одговорно учество во сообраќајот | Организација на сообраќајно едукативни активности во градинките и основните училишта и активности за подигање на свеста кај учесниците во сообраќајот за поголема внимателност во сообраќајот на места со зголемена фрекфенција на деца и млади | Септември 2016 | Подобрување на безбедноста на децата во сообраќајот преку подигање на јавната свест за внимателно однесување во сообраќајот во близина на места со зголемена фекфенција на децата како и преку сообраќајна едукација на децата |
| **20.1** | Во согласност со точка 2.5.1 на НС | Продукција и емитување на Видео клипови за деца за основите сообраќајни правила и прописи **Да ги заштитиме децата во сообраќајот** | Континуитана едукација и информирање на најмалите учесници во сообраќајот за основните правила и прописи од областа на сообраќајот | Организирање и реализирање на видео клипови под наслов "Да ги заштитиме децата во сообраќајот" | Изработка на 5 видео клипа и нивно прикажување во текот на 2016 година | Афирмирање и подобрување на знаењата во областа на безбедноста на сообраќајот на најмладите учесници во сообраќајот |
| **21.** | Во согласност со точка 2.11.1 од НС | **Тркалезна маса за примена на најновите технологии за следење и контрола на сообраќајот** | Утврдување на позитивните и негативните страни од користењето на најновата технологија за следење и контрола во сообраќајот и нивната улога во зголемувањето на безбедноста во сообраќајот како и потребата и можностите за нејзино | Реализација на трибина за употребата на најновата технологија за следење и контрола во сообраќајот: Мобилна апликација за тесни грла и застој во сообраќајот, смс известувања како предупредување за преминување на семафор на црвено светло, мобилна апликација за усно бирање, симулатор за возење под екстрмни услови за возачите | Во текот на 2016 | Утврдување на можностите за примена на најнова технологија во зголемување на безбедноста на сообраќајот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | интегрирање на патиштата на Р. Македонија | кои што полагаат возачки испит Следење со дрон. | | |
| **22.** | Во врска со точка 1.7., 1.8. и 2 од НС | Активности на сите Комисиите на РСБСП изразени преку учество во меѓународна соработка | Размена на искуства и промоција на меѓународната соработка во областа на безбедноста на сообраќајот | **Присуство на меѓународни конференции, стручни собири, семинари, советувања, студиски посети и други манифестации во областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата** | Во текот на 2016 | Подобрување на безбедноста во сообраќајот преку размена на искуства и добри практики и преку промовирање на регионален и глобален пристап |
| | | | Зачленување во меѓународни организација кои работата на полето на безбедноста на сообраќајот на патиштата | | | |
| **23.** | Во врска со точка 2.9. од НС | Спроведување на едукативни и превентивни кампањи, студии, проекти, работилници и советувања. Координирани активности на сите Комисии при РСБСП | Спроведување на кампања за подигање на јавната свест за влијанието на високите летни температури за способноста на управување со моторн возило, на условите на патот и на техничката исправност на возилата насловена како **Летна кампања 2016** | **Изработка и дистрибуција на повеке јазични флаери и плакати на граничните премини, наплатните рампи, бензиски станици, станици за технички преглед на возила и останати пунктови на територијата на РМ. Изготвување на радио пораки со собраќајно едукативни содржини** | Јуни-Август 2016 | Подигнување на јавната свест за влијанието на високите температури врз безбедноста во сообраќајот и укажување на предизвиците врз безбдноста на сообраќајот во текот на летниот период |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **24.** | Во согласност со целите на НС | **Организација на активности за промоција на алтернативни облици на сообраќај насловена како 'Европска недела на мобилност"** | Активности за промоција на алтернативни форми на мобилност и промоција на еко возење | Активности на РСБСП во соработка со партнерите во организација на сообраќајно едукативно работилници, јавни настани, дефилеа и реализација на проект за утврдување на влијанието на издувните гасови од автомобилите во градската средина | Септември 2016 година | Зголемена употреба на алтернативни форми на мобилност и еко возење |
| **24.1** | | Кампања за промоција на алтернативни форми на мобилност **Вози помалку – диши повеќе** | Реализирање на кампања за подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку намалување на сообраќајниот метеж и зголемена употреба на алтернативни форми на мобилност | **Реализирање на активности за промоција на алтернативни форми на мобилност како начин за подобрување на безбедноста во сообраќајот** | Септември 2016 година | Зголемена употреба на алтернативни форми на мобилност како начин за подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата |
| **25.** | Во врска со точка 2.11.1 и 2.3. од НС | **Едукативна работилница "Симптоми на лицата под дејство на психотропни супстанци"** | Оспособување на униформирани полициски службеници за препознавање на лица кои што управуваат со моторно возило под дејство на психотропни супстанци а со тоа и намалување на бројот на сообраќајни незгоди предизвикани од нив. | Во соработка со МВР и стручни лица (медицински персонал и психолози) ќе се реализира едукативна работилница за препознавање на симптомите кои што ги имаат лицата кои што возат под дејство на психотропни супстанци | Во текот на 2016 | Намалување на бројот на лица кои што управуваат со моторно возило под дејство на психотропни супстанци како потенцијални предизвикувачи на сообраќајни незгоди преку нивно препознавање и санкционирање |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **26.** | Во врска со глава 2 од НС | Реализација на активности за едукација и подигање на јавната свест за правилно парлирање | Организирање на кампања за зголемување на јавната свест за штетните последици од погрешното пракирање | Во соработка со МВР и Јавните претпријатија за паркинг организација на едукативни работилници, сообраќајно едукативни материјали и акција 'сто најлошо паркирани возила" | Во текот на 2016 | Подобрување на безбедноста во сообраќајот и неговата протечност преку подигање на јавната свет за важноста и потребата од правилни и одговорно паркирање на моторните возила. |
| **27.** | Во врска со глава 2 од НС | Одбележување на „Светски ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди" | Подигање на јавната свет за фаталните последици од неодговорното учество во сообраќајот на патиштата.Поставување на искршени автомобили на клучни места каде што се случиле сообраќајни незгоди | Во соработка со МВР на местата каде што се случиле најмногу сообраќајни незгоди т.н.црни точки да се постават возила оштетени од сообраќајни незгоди | Во текот на месец Ноември 2016 | Намалување на бројот на загинати и повредени од сообраќајни незгоди преку информирање, едуцирање и |
| **28.** | Во врска со глава 2 од НС | Интернет кампања со специфични сообраќајни правила | Користење на интернет просторот за едукација на таргет групи за специфични сообраќајни правила | Активност на РСБСП, НВО и Автошколите за едуцирање на учесниците во сообраќајот за специфични сообраќајни правила и прописи | Во текот на 2016 | Зголемена сообраќајна едукација на учесниците во сообраќајот за нивно правилно учество во сообраќајот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **29.** | Во согласност со точка 2.4 НС | **“ Децата и нивната безбедност во сообраќајот**” | Трибина "Користи и правилна употреба на детските седишта” | Укажување на предностите од употребата на детко седиште и практично прикажувавање за нивно правилно поставување преку реализација на трибина низ повеќе градови во Македонија на тема: “Користи и правилна употреба на детските седишта” | Во текот на 2016 | Зголемување на употребата на детски седишта<br>Намалување на бројот на деца, жртви во сообраќајот |
| | | | **Едукативен автобус** | Едукативно возење со градски превоз на деца од основните училишта за објаснување на сообраќајните правила и прописи<br><br>Во соработка со ЈСП, Локалната самоуправа и МОН, ќе биде спроведено Едукативно возење со градски превоз на деца од основните училишта за објаснување на сообраќајните правила и прописи | Во текот на 2016 | Подобрување на безбедноста на децата во сообраќајот преку едукативно - воспитни активности |
| | | | Организирање на едукативни предавања и театарски претстави за деца од 1 до 4 одделение | Едукативно предавање проследено со театарска претстава и совети за најмладите за нивно безбедно | Во текот на 2016 | Подобрување на безбедноста на децата во сообраќајот преку едукативно - воспитни активности |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **30.** | Во врска со точка 2.8. од НС | **Активностите за формирање на Општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата и формирање на Градски совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за Град Скопје** | Намалување на бројот на сообраќајни несреќи и загинати лица на територијата на град Скопје и во Република Македонија преку зголемени превентивни активности на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје | Органицација на состаноци и средби за воспоставување на директна комуникација со претставниците на локалната самоуправа и град Скопје за формирање на ОСБСП и совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Град Скопје | Во текот на 2016 | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на територијата на град Скопје преку реализирање на поголем број заеднички проекти |
| **31.** | Во врска со точка 9; 9.3; и 9.4 од НС | **Активности за подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку засилен ангажман и употреба на потенцијалите на учениците од средните стручни (сообраќајни) училишта во државата**. | Работилница со Директорите од Средните сообраќајни училишта<br><br>Едукативни предавања на учениците од стручните школи во останатите училишта | Спроведување на Предавање, организирање на училишни патроли, помагање во регулација со МВР, на учениците од стручните сообраќајни школи на останатите ученици Партнери: Стручните училишта, ЛС, МВР и МОН | Во текот на 2016 | Зголемување на практичните знаења за сообраќајот на учениците од средните стручни(сообраќајни) училишта и подобрување на безбедноста на учениците во сообраќајот преку едукативно - воспитни активности |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **32.** | Во врска со точка 1.8. од НС | Активности на Комисијата за наука и Комисијата за образование за изработка, набавка и/или превод на позната светска научна и стручна литература од областа на безбедноста на сообраќајот | Континуирано следење и промоција на најновите трудови и достогнувања во областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата и утврдување на можности и решенија применливи во Република Македонија | **Изготвување, набавка и превод на научна, стручна и сообраќајно едукативна литература од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата** | Во текот на 2016 | Проширување на достапната литература од областа на безбедноста на сообраќајот |
| **33.** | Во согласност со целите на НС | **Активности за донесување на Правилник за функционирање на училишните сообраќајни единици и формирање на истите и реализација на обврските кои што произлегуваат од Правилникот.** | Формирање на училишни сообраќајни единици во основни училишта во Република Македонија | РСБСП и ОСБСП во соработка со , МВР, МОН и основните училишта и советите на локалните самоуправи | Во текот на 2016 година | Зголемување на безбедноста во сообраќајот на учениците во основните училишта особени при одење и враќање од истите. |
| **34.** | Во согласност со целите на НС | **Зимска Кампања 2016-2017** | Реализација на активности за подигање на јавната свест за поголема употреба на зимска опрема и одговорно учество во сообраќајот во зимски услови на патиштата | РСБСП во соработка со МВР, ОСБСП и останати партнери | Декември 2016 | Подобрување на безбедноста во сообраќајот во овој период од годината |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **35.** | Во согласност со целите на НС | **Изработка на сообраќајно воспитен и пропаганден материјал, стручна литература и др. за реализирање на содржините од програмата.** | Печатење и дистрибуција на сообраќајно едукативни материјали за зголемување на сообраќајната едукација и подигнување на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот | Континуирана сообраќајна едукација на учесниците во сообраќајот со помош на сообраќајно едукативни материјали како активност на РСБСП и партнерите | Во текот на 2016 година | Зголемена сообраќајна едукација за правилно и одговорно учество во сообраќајот на патиштата |
| **36.** | Во согласност со целите на НС | **Реализација на активности за подигнување на јавната свест за важноста на техничката исправност на возилата " Само технички исправното возило е безбедно возило "** | Организација на акција за бесплатен технички преглед и поделба на сообраќајно едукативен материјал за техничка исправност на возилата | РСБСП во соработка со Станиците за технички преглед и АМСМ | Во текот на 2016 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот преку зголемување на техничката исправност на возилата |
| **37.** | Во согласност со целите на НС | **Радио Емисија од обласа на сообраќајот** | Сообраќајно едукативна емисија на радио мрежа со нацонална концесија со цел информирање и едуцирање на учесниците во сообраќајот и подигање на свеста за нивно правилно учество во сообраќајот | РСБСП во соработка со партнерите | Во текот на 2016 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку зголемена сообраќајна едукација |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **38.** | Во согласност со целите на НС | Сообраќајно превентивни активности на РСБСП во соработка со ОСБСП и СБСП на Град Скопје | Унапредување на сообраќајно превентивнито дејствување на локално ниво преку подршка во зајакнување на капацитетите и унапредување на работата на ОСБСП и СБСПГС преку реализација на заеднички активности | РСБСП, СБСП на Град Скопје ,ОСБСП и останати партнери Организација на заеднички кампањи, јавни настани, сообраќајно едукативни трибини, предавања, обуки, работилници  и останати активности на територијата на цела Република Македонија | Во текот на 2016 година | Поголема безбедност на сообраќајот на патиштата преку засилени активности на локално ниво и јакнење на капацитетите на ОСБСП и СБСП на Град Скопје |

КОН ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА РСБСП ЗА 2016 ГОДИНА

Со цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата а со тоа и намалување на бројот на сообраќајни незгоди со фатални последици а во функција на реализација на мерките, инструментите и целите на Втората националната стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата (2015 - 2020) , Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2016 година предлага кампањи, проекти, мерки и активности кои се во рамки на своите надлежности, како и проекти, мерки и активности кои се во рамките на надлежностите на Министерствата и другите државни органи, институции и организации. И тоа:

1. Засилена едукација и советодавно дејствување врз прекршителите кај кои постои можност за влијание.
2. Кампањи за подигнување на јавната свест на учесниците во сообраќајот и подигнување на етички и морални норми за почитување на сообраќајните правила и прописи, особено во поглед на ранливите категории учесници во сообраќајот, како и кампањи за користење на сигурносни појаси, задолжително носење на кациги, заштитни шлемови за велосипедистите, употреба на посебни детски седишта и др.
3. Сите надлежни институции да вршат постојани консултации и размена на меѓусебни искуства и информации ( all involved stakeholders), и унапредување на системот на евиденција и анализа на сообраќајните незгоди.
4. Засилена соработката помеѓу единиците на локалната самоуправа, МВР и Министерството за образование и наука во насока на остварување на поголема грижа за безбедноста на ранливите групи, особено децата, старите и изнемоштени лица, инвалидите и другите категории.
5. Препорака за носење на одлука на советите на општините и на градот Скопје, дел од средствата кои се прибираат од јавните претпријатија за паркинзи да бидат насочени и префрлени на Општинските совет за безбедност на сообраќајот на патиштата со цел нивна намена за подобрување на безбедноста на сообраќајот во општината.
6. Единиците на локалнта самоуправа посеопфатно да ги применуваат своите надлежности во сообраќајот на патиштата, особено во однос на заштита на загрозените групи на учесници во сообраќајот.
7. Соодветно одржување на хоризонталната и вертикална сигнализација на улиците и патиштата што се во надлежност на единиците на локалната самоуправа, особено редовно обележување на пешачки премини и санација на избледените пешачки премини.

8. Осветлување на пешачките премини и критичните делници на улиците и локалните патишта кои се во надлежност на едниците на локалната самоуправа.

9. Интензивира отстранувањето на хаварисани возила од јавните површини, особено на возилата што го попречуваат сообраќајот, како и планирањето и обезбедувањето на поголем број на паркинг простор.

10. Единиците на локалната самоуправа да го интензивираат формирање на училишни сообраќајни единици.

11. Да се разггледа можноста за засилување на капацитетите на единиците на локалнта самоуправа во насока на редефинирање и целосно подобрување на просторно-урбанистичките сообраќајни решенија.

12. Да се разгледа можноста единиците на локалната самоуправа да пристапат кон поинтензивна изградба и одбележување на велосипедски патеки, како и тротоари кои ќе ги задоволуваат безбедносните потреби на пешаците.

13. Да се интензивираат активностите на единиците на локалната самоуправа за поинтензивна изградба на заштитна инфраструктура на улиците и локалните патишта (огради) на критичните делови.

14. Да се интензивираат активностите на единиците на локалната самоуправа за воведување на ‘Зони на смирен сообраќај”

15. Зголемување на активностите на МВР во насока на зачестени контроли на учесниците во сообраќајот во населените места

16. Заострување на законската регулатива за одземање на возачката дозвола.

17. Да се отпочне со планирање и изведба на одвоен велосипедски и пешачки патеки за движење на пешаците и велосипедистите на регионалните и магистралните патишта.

18. Да се разгледа можноста за забрана за пушење во сите видови на возила за возачите и патниците со препораки и укажување на опасностите од истото.

19. На сите видови патишта да се изврши поинтензивно обележување на опасните места, односно таканаречените “црни точки “ и други места каде се зачестени сообраќјни несреќи со фатални последици и тоа со згусната и повеќевидлива хоризионтална и вертикална сигнализација.

20. Воведување на нови посовремени софтверски решенија, кои ќе овозможат посеопфатна и подлабока евиденција и анализа на сообраќајните незгоди, согласно европските и светските искуства, а што ќе овозможи поквалитетна анализа на состојбите во сообраќајот на патиштата и преземање на превентивни мерки од страна на сите надлежни институции.

21. Да се поттикнат на поголема општествена одговорност компаниите во реализација и примена на проекти, мерки и активности кои имаат влијание на безбедноста на сообраќајот на локално и државно ниво.